**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број: 09-30/2
23.07.2024 г.
Струмица

## ООУ „Јосип Броз -Тито“ - Валандово

| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
|---|---|
| **Датум на интегрална евалуација:** | Од 19 до 21.02.2024 година |
| **Број на извештај:** | 2 / Југоисточен регион / 2024 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Ѓорге Здравев |
| **Вид на училиштето:** | основно училиште |
| **Основач на училиштето:** | општина Валандово |
| **Наставен јазик:** | македонски и турски јазик |
| **Број на ученици:** | 615 |
| **Полова структура на ученици:** | 309 машки и306 женски |
| **Број на наставници:** | 69 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Силвија Митрова |
| **Директор на училиштето:** | Даниела Џонова |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 18-21- 11.2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | Ул.„ 6 Ноември“ бб Валандово www.OOU.jbt.edu.mk.com |
| **Телефон:** | 034/382-079 |
| **Факс:** | 034/382-079 |
| **e-mail:** | oou-josipbroztito-valandovo@shools.mk |
| **Оценка од интегрална евалуација** | **3,20 -добро** |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Службен весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013; 41/2014; 33/2015; 145/2015; 30/2016 и 64/2018 година) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Службен весник на РМ“ број 86/2006 година).

## Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за просветна инспекција од 19до21.02.2024 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ООУ ,,Јосип Броз-Тито,,-Валандово.Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира декаво работата на ООУ ,,Јосип Броз-Тито,,-Валандово е **добро.**

Потребите на наставниците за нивно стручно оспособување и обука се следат од страна на стручната служба на училиштето. Врз основа на изразените потреби на наставниците и стручните активи кој се доставуваат на почетокот на учебната година , училиштето ги одредува приоритетите и ги планира обуките. Училиштето во рамки на своите финансиски можности обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники на планирање на наставата,а по спроведените обуки, обучениот наставен кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници во училиштето. Во училиштето има пропишани приоди и утврдени процедури за планирањата на наставниците, и воспоставени практики за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручната служба и истата е заведен во училишната архиава. Пред почетокот на учебната година раководниот орган и стручната служба прават проверка и увид во годишните планирања на наставниците, а во текот на годината и на тематските планирања. Годишните и тематските планирања на наставниците се следат според однапред утврден формат/образец. Училиштето во рамките на својата годишната програма за работа на училиштето и директорот, педагогот и психологот во рамките на своите годишни планирања го планираат и реализираат следењето на наставниот процес. Квалитетот на планирањата на наставниците континуирано се следи од страна стручната служба преку увид со евидентни листи за исполнетост на дидактички барања за планирањата. Редовно пред посетата на часови наставниците се известуваат за периодот кога ќе бидат посетени на час, но не и за целта на посетата. При посетата се користат инструменти за следење на планирањето на часот и на самиот час. По посетата со секој наставник поединечно се води разговор при штосе даваат препораки во писмена форма за подобрување на наставниот процес. После секое следење на часовите, раководниот орган заедно со стручната служба изготвуваат извештај со препораки од посетените часови. Секој наставник најмалку два пати годишно е посетуван на час од директорот и стручната служба. Во ООУ „Јосип Броз Тито“, Валандово воспитно-образовната работа се реализира според наставните планови и програми за деветгодишно основно образование. Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука. Наставата во прво, второ, трето четврто, петто и шетсто одделение се реализира согласно Концепцијата за основно образование за учебната 2023/2024 година. Постигањата на учениците,

при премин од одделенска во предметна настава се следат од страна на стручната служба на училиштето. Според анализите кои ги изготвува стручната служба,за последните три учебни години, има благо намалување на успехот кај учениците при премин од одделенска во предметна настава и истото се констатира во сите учебни години. Училиштето ја спроведува пропишаната политика за следење на хоризонталното ивертикалното движење на учениците ги следи постигањатапри премин од основно во средно образование за учениците кои своето образование го продолжуваат во средното училиште во општината. Училиштето добиваат податоците за постигањата на учениците ги добиваат од страна на средното образование во општината и пошироко. Добиените информации од страна на училиштата, учениците кои се запишале средно стручно образование постигнуваат подобар успех од учениците кои се запишале во гимназиско образование.

По секој квалификационен период, на предлог на Наставничкиот совет, Училишниот одбор го разгледува извештајот за постигнатиот успех по квалификациони периоди, и училиштето прави акциски план за подобрување на постигањата на учениците.

Училиштето е препознатливо според постигнувањата на учениците, грижата на воспитно-образовниот кадар за безбедноста и сигурноста на учениците и добар квалитет на работење.. Училиштето е инклузивно, безбедно во внатрешниот простор и се води грижа за здравјето на сите ученици, ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција и поттикнува активно учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот.Поголем број од наставничкиот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и објективни очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците имаат очекувања од самите себе за повисоки постигања на ниво на училиште. Голем број наставници успешно го користат пофалувањето како начин на мотивирање. Училиштето води политика на поттикнување на наставничкиот кадар и на учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално, државно и ниво. Училиштето ги наградува учениците кои постигнале успех и наставниците ментори на учениците, кои со постигнатиот успех се стекнале со награда и го афирмирале училиштето.

Училиштето има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигања на учениците, преку доделувања награди и пофалници на патрониот празник и други јавни манифестации на кои земаат учество родителите, локалната заедница, бизнис секторот и други училишта. Промовирањето на постигањата на учениците се врши преку јавни гласила, локалните медиуми,училишниот медиум„Клик“, Facebook страна, web страна и родителските средби. Училиштето има Кодекс на однесување на учениците, наставниците, стручните соработници, родителите и другите вработени во кој се уредени правилата и принципите на меѓусебно однесување и почитување на сите

чинители во училишниот живот. Во истите, еднакво се третираат сите ученици без разлика на социјалните, половите, етничките и интелектуалните разлики. Кодексот е усвоен од сите структури во училиштето низ деморатска и транспарентна процедура. Училиштето има пишана процедура во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексите.Во училиштето е донесен Куќен ред кој е поставен на видно место во училиштето и истиот се почитува од сите чинители на воспитно-образовниот процес. Училишниот одбор е орган на управување и е конституиран согласно законската регулатива. Училишниот одбор ги извршува своите законски обврски, презема конкретни чекори за идентификување на состојбите, поставување на приоритети и предлагање иницијативи и активности за подобрување на постигањата на учениците како и на целокупниот воспитно-образовен процес.Сите членови на УО се со легитимен мандат. Претседател на УО, согласно новиот закон за основното образование е од редот на Советот на родители.Училишниот одбор е вклучен во креирањето политики за еколошка едукација и се залага за афирмирање на инклузивноста и меѓуетничката интеграција во образованието. Училишниот одбор има сопствена Годишна програма која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Училишниот одбор работи транспарентно и има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите структури. Училишниот одбор има сопствен Деловник за работа.

Училишниот одбор донесува одлуки, дава мислења, разгледува финансиски планови и изштаи.Директорот на училиштето има јасна визија за тоа што се треба да се преземе и кои се приоритетите за побрзо напредување на целокупниот воспитно-образовен процес и за постигање на поголеми резултати. Во Програмата за развој на училиштето и во Годишната програма за работа за оваа учебна година, јасно се зацртани визијата и мисијата на училиштето, определени се целите и задачите и истакнати се приоритетите за развој по години.

Училиштето има Самоевалуација со дел.бр.1002-371/1 од 08.08.2023 година и Програма за развој со дел.бр. 1002-372/1 од08.08.2023 година.Годишната програма за работа на училиштето,заведена под бр. 0102-369/1 од 08.08.2023 година и Годишен извештај за работа на училиштето дел.бр.0102-370/1 од08.08.2023 година усвоени од Совет на општина Валандово.Инклузивниот тим на училиштето е формиран со Решение бр. 08-457/2 од 18.09.2023 година од страна на директорот на училиштето и истиот редовно се ажурира. За секој ученик кој е катогоризиран согласно степенот на попреченоста во училиштето има формирано инклузивен тим за секој ученик. Меѓуетничката интеграција во образованието училиштето ја реализира со партнер училиштата ООУ„Владо Кантарџиев“-Гевгелија и ООУ„Никола Карев“- Радовиш, со кои имаат потпишано меморандум за соработка. Училиштето има регистрирано училишен спортски клуб „Валандово “ Валандовосо решение бр.08-1494/4 од 10.08.2012 година и истиот активно зема учество во училишни спотски натпревари во различни дисциплини: машки и женски ракомет, кошарка, одбојка и фудбал.Ученичкиот парламент учествува во донесување на одлуки за прашања што се од непосреден интерес

за нив и другите ученици, но учениците се делумно информирани од претставникот во Ученичкиот парламент за сите работи што се од нивен непосреден интерес. Учествуваат и иницираат организирање на еко-акции, хуманитарни акции во училиштето, одбележување на значајни датуми и настани во општината и други активности. Учениците членови на ученичкиот парламент редовно се поканувaат и присуствуваат на состаноци на училиштен одбор.

## Карактеристики на училиштето

ООУ „Јосип Броз Тито" –Валандово е основно училиште во општина Валандово, и е сместено во централното градско подрачје на Валандово.Училиштето е опкружено со спортска сала и детски игралишта и обновени спортски терени. Училиштето има решение за верификација, број 10-1423/4 од 09.05 1996 годинастрана Министерство за образование и физичка култура на Република Македонија.

Карактеристично за ова училиште е разгранетата мрежа на две полни основни училиште ПОУ Пирава и ПОУ Чалакли и четири подрачни училишта во селата Казандол,Брајковци,Дедели и Башибос а најголемата оддалеченост помеѓу две училишта е 20 км. Условите за работа и просторните услови во училишната зграда воВаландово,којае изградена во 1980 година со површина од 7535 м2. Располага со 14 училници, 9 кабинети: еден по информатика и еден по природни науки , 6 административни простории,1 библиотека, 1 просторија за техничкиот персонал и 1помошна просторија. Вкупно во ООУ „Јосип Броз Тито" –Валандово учат 615 ученика ,распоредени во 44 паралелки Во претходните неколку години бројот на учениците бил поголем,но поради иселување бројот на ученици се намалува.

Училишната зграда во Валандово е градена наменски и со средства од самодопринос од месното население која во употреба е пустена во 1980 година а самото училиште егзистира од 1948 год.Училишната зграда во Пирава е градена 1931 година доградувана и реконструирана од донација на USAID. Моментално на оваа зграда се врши реконскструкија на истата.Наставата во оваа училите се одвива во две смени и наставата се одвива на македонски и турски наставен јазик.

Загревањето во Валандово и Пирава е централно додека во другите подрачни училишта, тоа е со дрва. Во Валандово е изградена училишна спортска сала од проектот ,,150 училишни спотски сали,,на Владата на РМ. Во училиштето се работи според наставни програми и планови за Основно образование за учебната 2023/24 година. Во стручната служба се вработени психолог, педагог и специјален едукатор - дефектолог, а во библиотеката е ангажиран еден библиотекар кој е наставник по македонски јазик со 20 наставни часа работа во библиотека.

Од тековна состојба на правното лице, издадена од Централен регистар-Струмица, субјектот е заведен како ООУ „Јосип Броз Тито“ – Валандово со даночен број 4033965101873 и ЕМБС 40118761.

Училиштето има изготвено Статут дел.бр. 0101-565/1 од 25.11 2019 година за кој има согласност од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија. Училиштето има согласност од Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонијана Правилникот на внатрешна организација на училиштето бр.0101-452/1 од 16.01.2016 година.

## 1.Планирање, настава и учење

## 1.1.Планирања на наставниците

Потребите на наставниците за нивно стручно оспособување и обука се следат од страна на стручната служба на училиштето. Врз основа на изразените потреби на наставниците и стручните активи кој се доставуваат на почетокот на учебната година , училиштето ги одредува приоритетите и ги планира обуките. Училиштето во рамки на своите финансиски можности обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники на планирање на наставата,а по спроведените обуки, обучениот наставен кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници во училиштето. Во училиштето има пропишани приоди и утврдени процедури за планирањата на наставниците, и воспоставени практики за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручната служба и истата е заведен во училишната архиава . Пред почетокот на учебната година раководниот орган и стручната служба прават проверка и увид во годишните планирања на наставниците, а во текот на годината и на тематските планирања. Годишните и тематските планирања на наставниците се следат според однапред утврден формат/образец. Училиштето во рамките на својата годишната програма за работа на училиштето и директорот, педагогот и психологот во рамките на своите годишни планирања го планираат и реализираат следењето на наставниот процес. Квалитетот на планирањата на наставниците континуирано се следи од страна стручната служба преку увид со евидентни листи за исполнетост на дидактички барања за планирањата. Редовно пред посетата на часови наставниците се известуваат за периодот кога ќе бидат посетени на час, но не и за целта на посетата. При посетата се користат инструменти за следење на планирањето на часот и на самиот час. По посетата со секој наставник поединечно се води разговор при штосе даваат препораки во писмена форма за подобрување на наставниот процес. После секое следење на часовите, раководниот орган заедно со стручната служба изготвуваат извештај со препораки од посетените часови. Секој наставник најмалку два пати годишно е посетуван на час од директорот и стручната служба. Нема воспоставена практика новите наставници да ја следат работата на час на другите колеги од училиштето. Наставниците најмалку два пати во полугодие разменуваат искуства, идеи и добри практики за наставните планирања во рамки на стручните активи. Изготвуваат програми и извештаи за работата на стручните активи во училиштето, а за состаноците се водат записници. Планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени како резултат на размената на искуства и користење стручни искуства од различни медиуми, од соработка со колеги од други училишта во општината и од други општини во државата. др. Голем број наставници изготвуваат и користат дигитални презентации.

## 1.2. Наставен процес

Во ООУ „Јосип Броз Тито“, Валандово воспитно-образовната работа се реализира според наставните планови и програми за деветгодишно основно образование.

Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука. Наставата во прво, второ, трето четврто, петто и шетсто одделение се реализира согласно Концепцијата за основно образование за учебната 2023/2024 година.

Наставата по наставните предмети: биологија, хемија, природни науки, математика и физика, на се реализира според превземените и одобрени програми од Меѓународниот центар за наставни програми (CambridgeInternationalExaminationCentre), адаптирани од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија. Наставниците кои реализираат настава по новата концепција за основно образование пред почетокот на учебната година задолжително посетуваат обука за реализација на наставата поноватаконцепција за основно образование, организирана од страна на Бирото за развој на образованието. Реализацијата на наставните планови и програми се одвива во пропишаниот обем. Во случаи кога во училиштето има отсуства на наставник наставата се одвива непречено со обезбеден соодветен наставен кадар. Наставната програма по физичко и здравствено образование за учениците од I до V одделение во училиштето се реализира тандемски во која покрај наставникот по одделенска настава, се вклучува наставник по физичко и здравствено образование. Училиштето има воспоставено процедури и користи повеќе различни начини и средства (брошура, веб страна на училиштето) да ги информира учениците и родителите на почетокот на учебната година за целите на наставните планови и програми што се реализираат, вклучувајќи ги и целите што се однесуваат на меѓуетничка интеграција. Во училиштето има воспоставена процедура за избор на изборни предмети. Постапката за изборни предмети се спроведува во целост, со доследно почитување на потребите и барањата на учениците. Во училиштето има воспоставена процедура за избор на три предмети во четири подрачја во IV и V одделение, додека во VI одделение се понудени три наставни предмети, а од VII до IX одделение се понудени три наставни предмети со потенцирање дека изборните предмети од претходната година не треба да се повторуваат. Родителите директно се вклучени во изборот на понудените изборни предмети за учениците. На родителските средби се врши анкетирање на учениците заедно со родителите. Изборот на предмети е според наставниот план и програма и новото упатство-Водич за слободни изборни предмети. Стручната служба со директорот изготвува извештај со изборни предмети кои ќе се изучуваат во текот на учебната година. Во училиштето е организиран продолжен престој со една група и учениците се од исто одделение. Најголемиот број наставници по одделенска настава и голем број од наставниците во предметна настава користат разновидни наставни форми и методи, и истите се прилагодуваат на индивидуалните потреби и можности на учениците и нивните стилови на учење. Наставниците работат со учениците најчесто фронтално ,во парови и во групи и индивидуално. Методите што ги користат се во функција на остварување на очекуваните исходи. Поголем дел од наставниците главно користат различни приоди за сите ученици, независно од индивидуалните

способности за учење на учениците. Наставниците користат разновидни интерактивни техники во поголемиот дел од часот и диференциран пристап при реализирањето на активностите, со што им даваат можност на учениците со различни способности и стилови на учење да научат најмногу што можат. Задачите што се работат во училиште или дома од поголем број наставници се планирани во планирањата. Изборот на задачи и активности за време на часот е со различно ниво на сложеност и кај поголем број од наставниците е прилагоден на индивидуалните образовни потреби на учениците.Наставниците секогаш ги запознаваат учениците со целите на учењето и очекуваните исходи. Поголем број наставници наставата ја реализираат со различни интерактивни методи и сите ученици се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата. Поголем број наставници успеваат да создадат активна и динамична работна атмосфера и градат доверба меѓу ученикот и наставникот. Сите наставници користат одобрени учебници, дополнителна литература, податоци од интернет и расположливи ресурси. Најголем број од наставниците во процесот на учење користат дигитални презентации. За учениците со ПОП се користат прилагодени методи и техники според нивните потреби. Најголемиот број од наставниците при реализирање на наставните содржини користат бесплатни учебници кои се добиени од Министерството за образование и наука како и поретко и дополнителна прирачна литература. За време на часовите и при реализацијата на вонанаставните активности се промовира градење на доверба меѓу наставниците и учениците. Наставниците се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Целите на наставата и очекуваните исходи им се јасни на поголем број ученици, во секоја фаза на учењето. Поучувањето кај најголем број наставници по одделенска настава и најголем број наставници во предметна настава е јасно и разбирливо и соодветно на возраста, и е прилагодено на можностите и предзнаењата на сите ученици. Најголемиот број наставници поодделенска настава и голем број наставници во предметна настава наставата ја реализираат со примена на работа во фронтална форма, групна и во парови со што овозможува интеракција помеѓу учениците и ги потикнуваат учениците активно да учествуваат во настават, а помал дел од наставниците во индивидуалана форма и индивидуализирана форма. Голем број наставници користат различни интерактивни техники и постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. Училиштето согласно законската регулатива има формирано Инклузивен тим и како и изработена Програма за работа на инклузивниот тим во која се вклучени стручната служба, наставниците, директорот и родителите на децата со посебни образовни потреби. Инклузивниот тим на училиштето е формиран со Решение бр. 08-457/2 од 18.09.2023 година од страна на директорот на училиштето и истиот редовно се ажурира. За секој ученик кој е катогоризиран согласно степенот на попреченоста во училиштето има формирано инклузивен тим за секој ученик. Ажурирањето на инклузивниот тим за ученик се врши при промена на наставници на ученикот со посебни образовни потреби (ПОП). Инклузивниот тим обезбедува поддршка при изработка на индивидуален образовен план (ИОП) по наставни предмети, согласно законската регулатива. Задолжителната настава со учениците со

посебни образовни потреби кои се категоризирани според Меѓународната каласификација на функционалноста се реализира според индивидуален образовен план додека пак за реализација на воннаставните активности со учениците со посебни образовни потреби не се изготвува ИОП. Во училиштето се идентификувани 5 ученика со потешкотии во учењето , додека пак 4 ученици се категоризирани како ученици со посебни образовни потреби според Меѓународната каласификација на функционалноста. Со учениците се работи според ИОП по претходна добиена согласност од родител. Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар – Основно училиште со ресурсен центар(ОУРЦ),,Св.Климент Охридски“ Ново Село, за унапредување на наставата за учениците со попреченост. Поголем број на наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и реализираат настава со ученици со ПОП. Инклузивниот тим на училишниот им обезбедува поддршка на наставниците при изработката на индивидуалните образовнипланови. Соработката на училиштето со основното училиште со ресурсен центар „Св.Климент Охридски“ Ново Село е за обезбедување на образовни асистенти. Асистивната технологија со која располага училиштето е во функција на развојот на учениците со ПОП. Училиштето располага една сензорна соба со која располага училиштето е целосно опремена и во функција за сензорна стимулација на учениците со ПОП. Пристапот во училиштето, просторот во ходниците и во училниците се приспособени на потребите на учениците со физичка попреченост. Во училиштето нема санитарен јазол за ученици со физичка попреченост. Во училиштето има пристапна рампа за учениците со физичка попреченост. Во училиштето нема ученици со пречки во развојот/физичка попреченост. Училиштето нема санитарен јазол прилагоден за потребите на учениците со физичка попреченост.

Оценувањето на постигањата на учениците со попреченост е во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, во соработка со инклузивниот тим на ученикот. Училиштето се обезбедува услови за учество на учениците со посебни образовни потреби во воннаставни активности согласно нивните интереси. Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Наставниот кадар успешно соработува со ангажираните образовни асистенти и во најдобар интерес на ученикот.

Инклузивниот тим работи на професионалната ориентација за децата со посебни образовни потреби.

Тимот за училишна интеграција (ТУИ) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за меѓуетничката итеграција во образованието (МИО) кои се планирни во годишната програма за работа на училиштето. Планот на тимот за училишна интеграција нуди активности преку кои учениците се запознаваат и учат на прифаќање и почитување на различностите и толеранцијата. На ниво на училиште формиран е училишен тим кој ги планира, организира и реализира предвидените активности со изготвен акциски план преку

работилници, научно-истражувачка работа, натпревари и др. Меѓуетничката интеграција во наставните планирања за I, II,III, IV,V и VI одделение е планирана исе реализира согласноактивностите на наставните предмети кои произлегуваат од Принципот на интеркултурност на кој се заснова новата концепција за основно образование, а кои активности овозможуваат остварување на базичното право на сите деца на квалитетно основно образование.

Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата и нивно заемно прифаќање. Училиштето е вклучено во Проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието. Училиштето планирани самостојни и заеднички активности со партнер училиштата, планирани во Годишната програма на училиштето и истите се реализираат со изготвен акциски план преку работилници, научно-истражувачка работа, натпревари и др.Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија, без оглед на која етничка група им припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата. Меѓиетничката интеграција во образованието училиштето ја реализира со партнер училиштата ООУ„Владо Кантарџиев“ и ООУ„Никола Карев“ Радовиш, со кои имаат потпишано меморандум за соработка. Наставниците имаат планирано самостојни интегрирани содржини за меѓуетничка интеграција во образованието на ниво на училиштето како и многубројни реализирани заеднички активности со партнер училиштата.

### 1.3. Искуства на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна и хармонична, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина што поттикнува интерес за учење. Заедничкиот училишен простор е естетски уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини во него ја отсликува целокупната работа на училиштето по подрачја и теми. Континуирано се уредуваат паноата во ходниците со изработки од учениците. Во училниците од одделенска настава и преметна настава тематски се изложени изработки од ученички трудови.

Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за активно учество во граѓанско, демократско и мултикултурно општество. Учениците со задоволство учествуваат во активностите за време на часот, но учениците прават разлика помеѓу одделни наставни предмети, односно пристапи на наставниците во изведувањето на наставата. За време на часот поголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и изведуваат заклучоци за она што го учат и поголемиот дел од учениците учествуваат во активностите за време на часот. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици.

Учениците и родителите сметаат дека учениците имаат можност да го искажат сопственото мислење, притоа почитувајќи го мислењето на другите и не загрозувајќи ги основните човекови права и дека мислењето на учениците се зема во предвид при решавањето на проблеми и при одлучувањето за работи кои се од нивен интерес. Учениците иницираат активности и преземаат одредени одговорности во училиштето, во и надвор од наставата, најчесто преку вонннаставните активности и разни хуманитарни акции. Во последните три учебни години реализирани се бројни активности: хуманитарни акции за прибирање на средства за помош на соученици од семејства во социјален ризик, изработка на изложбени паноа и дигитални презентации со пораки до врсниците на разни теми (моите права и моите обврски, превенција од врсничкото насилство, штетноста од пушењето и користењето на алкохол и дрога, одбележување на настани и др.).

Најголем број од учениците сметаат дека училиштето низ организирани форми поттикнува и мотивира нивна меѓусебна соработка. Училиштето негува меѓуетничка комуникација и почитување на различностите. Најголемиот број учениците се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во паралелката и училиштето.

Наставниот кадар и стручните соработници континуирано и систематски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење и преземаат активности за нивно отстранување. Со учениците кои имаат тешкотии во учењето, стручната служба и наставницитеводат индивидуални разговори за изнаоѓање на начини, форми и методи за полесно совладување на наставните содржини преку дополнителна настава, редовно извршување на домашните задачи и поголемо учество во наставниот процес.

Голем број од наставниците во соработка со стручните соработници и инклузивниот тим во процесот на поучување користат различни интерактивни техники со што им даваат можност на учениците со различни способности да постигнат оптимален личен развој. . Голем дел на наставниците користат диференциран пристап при планирањето и реализирањето на активностите на часот.

### 1.4. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Во училиштето има дефинирана политика за оценувањето, чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик, врз основа на која училиштето има воспоставени добри практики на оценување Најголемиот број наставници ги планираат стандардите и критериумите за оценување. Најголемиот број наставници по одделенска настава и поголем број наставници во предметна настава ги запознаваат учениците и родителите со стандардите и критериумите за оценување. Најголемиот број наставници по одделенска настава и поголем број наставници во предметна настава ги користат

истите при следењето и вреднувањето на постигањата на учениците. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.). Наставникот ги оценува постигањата на учениците со пречки во развојот согласно целите во ИОП-от во соработка со инклузивниот тим во училиштето. Оценувањето им помага на учениците да ги подобрат постигањата. Најголем број наставници по одделенска настава и во предметна настава користат разновидни методи, форми и инструменти за оценува и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците користејќи тебеларни листи од ученици по усвоени стандарди за оценување. Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување, меѓусебно оценување и градење критериуми.  Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината е помал од0,9. Сите наставници во одделенска настава редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и ги користат информациите добиени од следењето и вреднувањето за подобрување на планирањето и реализацијата на наставата, по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава. Во предметна настава, поголем број наставници континуирано го следат напредокот на учениците и ги користат информациите добиени од следењето и вреднувањето (тебеларни листи од ученици по усвоени стандарди) за подобрување на планирањето и реализацијата на наставата, по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.

### 1.5. Воннаставни активности и натпревари

Училиштето планира воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за развој на граѓанските и општествените компетенции за поддршка на личен, професионален и социјален развој на учениците. Организирањето на заеднички воннаставни активности со партнер училиштата е на добро ниво. Покрај воннаставните активности кои се дел од државните образовни политики кои се  спроведуваат во сите училишта во државата, во училиштето редовно се реализираат и активности од хуманитарен карактер за ученици од училиштето и општината, културни и  манифестации и  тоа на денот на училиштето,  при одбележување на  меѓународни денови ( Ден на ппланетата Земја, Ден на лицата со посебни образовни потреби, Ден на гладта, Ден на лицата со аутизам, Ден на екологијата, Ден на мајчиниот јазик, Ден  без автомобили, Денот на мајката ) на празници и други општински манифестации. Учениците се вклучени барем во една воннаставна активност и постои родова, етничка и социјална рамноправност. Училиштето обезбедува услови за вклучување на ученици со посебни образовни потреби, ученици со потешкотии во учењето и ученици од семејства со низок социо-економски статус во воннаставните активности. Учениците активно учествувале на поетски читања, посета на градска библиотека, посета на археолошки музеј и  галерија, посета на

фабрики, учество на локални манифестации, новогодишна културно-забавна училишна програма, прослава на патронен празник и на училишни, општински и регионални и државни напревари. Во последните три години реализирани се вонnаставни активности со заедничко учество на ученици од училиштето и партнер училиштата во групи со мешан состав. Воннаставни активности се реализираат и преку: литературна, рецитаторска и драмска секција, секција на млади библиотекари, секција за странски јазици, секција на млади математичари, секција на млади географичари и историчари, секција на млади физичари и хемичари, еколошко- биолошка секција, клуб за кодирање, ликовна секција, училишен хор и оркестар, спортска секција. Најголем број од учениците се запознаени со воннаставните активности кои се нудат во училиштето и се реализираат воннаставни активности предложени од учениците. Учениците имаат потполна слобода во изборот на секцијата како и поддршка од наставниците во осмислувањето на содржините и активностите кои ќе ги реализираат.За афирмирање на училиштето преку воннаставните активности се користи facebook, Web - страната на училиштето, локална телевизија во соработка со општината. Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според сопствени афинитети. За секоја воннаставна активност определени се одговорни наставници. Училиштето има регистрирано училишен спортски клуб „Валандово “ Валандово и истиот активно зема учество во училишни спотски натпревари во различни дисциплини: машки и женски ракомет, кошарка, одбојка и фудбал. Училиштето учествува на ученички натпревари на општинско, регионално, и државно ниво, како една од формите на воннаставни активности. Поради Ковид – пандемијата, во учебната 2020/21 година, поголем број од натпреварите се одржани он-лајн. Во учебната 2021/2022 година училиштето освоило: 3 први места, 15 втори места и 10 трети места на општински напревари; 1 прво место,4 втори места и 8 трети меса на регионални натпревари. Во учебната 2022/2023 година освоени се : 6 први места, 12 втори места и 13 трети места на општински натпревари; на регионални натпревари: 6 први места, 3 втори места и 15 трети места; на државни натпревари: 1 прво места, 1 второ место и 3 трети места. Во училиштето секоја година се прогласува ученик на генерацијата со награда обезбедена од училиштето, согласно Правилник на избор на првенец на генерацијата на училиштето.

## 2.Постигнувања на учениците

### 2.1 Постигнувања на учениците

Стручната служба во училиштето изготвува детални извештаи, во кои се дадени податоци за постигањата на учениците според пол, по наставни предмети и одделенија, по наставни јазици за сите квалификациони периоди: тримесечие, полугодие и на крај на учебната година. Средниот успех на учениците, согласно извештаите и анализите на крајот на учебната година, во последните три учебни

години изнесува; во учебна 2020/2021 средниот успех изнесува3,90; во учебната 2020/2021 год изнесува 3.86 и на крајот од учебната 2022/2023 година, средниот успех изнесува 3,86. Постигањата на учениците, при премин од одделенска во предметна настава се следат од страна на стручната служба на училиштето. Според анализите кои ги изготвува стручната служба,за последните три учебни години, има благо намалување на успехот кај учениците при премин од одделенска во предметна настава и истото се констатира во сите учебни години. Училиштето ја спроведува пропишаната политика за следење на хоризонталното ивертикалното движење на учениците ги следи постигањатапри премин од основно во средно образование за учениците кои своето образование го продолжуваат во средното училиште во општината. Училиштето добиваат податоците за постигањата на учениците ги добиваат од страна на средното образование во општината и пошироко. Добиените информации од страна на училиштата, учениците кои се запишале средно стручно образование постигнуваат подобар успех од учениците кои се запишале во гимназиско образование. По секој квалификационен период, на предлог на Наставничкиот совет, Училишниот одбор го разгледува извештајот за постигнатиот успех по квалификациони периоди, и училиштето прави акциски план за подобрување на постигањата на учениците. Училиштето има пропишани приоди за идентификување на надарените ученици, учениците кои имаат тешкотии во учењето и учениците со посебни образовни потреби и изготвува посебни програми во состав на годишната програма за работа, планира конкретни активности и инструменти за следење на нивниот напредок. Поддршката на учениците што имаат тешкотии во учењето како и на надарените ученици се прави со соработка помеѓу стручната служба и наставниците. Наставниците, стручните соработници навремено ги идентификуваат учениците кои имаат потешкотии во учењето, надарените ученици, помагајќи им при учењето, поучувањето, социјализирањето и постигнувањето на подобри резултати. Соработката меѓу наставниците, родителите и учениците континуитано се реализира. Родителите навремено ги добиваат потребните информациии за работата, постигањата, напредокот на нивните деца. Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување напостигањата на секој ученик посебно.За таа цел се користат организирани родителски средби, формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информациите за паралелката во целина), индивидуални средби (за пренесување информации за конкретен ученик) со родителите како и отворени денови во училиштето.Родителите добиваат информации за постигнувањата на учениците на ниво на паралелка како и пишани извештаи со информации за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет (евидентни листови).Сите наставниците го водат и редовно го ажурираат електронскиот дневник до кој пристап имаат родителите.Во електонскиот дневник се внесуваат сите оцени на учениците (тримесечје, полугодишна, второ тримесечје и годишна

оцена).За учениците кои се описно оценети се внесени описните оцени.Родителите на децата со посебни образовни потреби се запознаени со напредокот на учениците предвиден во ИОП и со нивно учество се ревидираат целите што треба да се постигнат.За сите податоци за оценувањето на ученикот во е-дневникот увид има секој родител кој информација добива преку меил или со добивање на смс пораки.

### 2.2 Мерки за подобрување на постигањата

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од настава и превзема конкретни активности за подобрување на состојбата со редовноста на учениците во наставата и континуирано соработува со родителите Просечниот број наизостаноци на ниво на училиште е мал. Во учебната 2020/2021 просечниот број на изостаноци изнесува 12,03 по ученик од кои 11,69 се оправдани изостаноци по ученик,а 0,34 се неоправдани изостаноци по ученик.Во учебната 2021/2022просечниот број на изостаноци по ученик изнесува 17,26 од кои 16,69 се оправдани изостаноци поученик а 0,57 се неоправдани изостаноци по ученик. Во учебната 2022/2023 просечниот број на изостаноци изнесува 18,4о по ученик, од кои 17,32 се оправдани изостаноци по ученик , а еоправдани изостаноци се1,2 по ученик. Училиштето прави конкретни анализи по категории на изостаноците и презема ефикасни мерки за надминување на оваа состојба. Оценување по поведението на учениците, во последните три учебни години е следен: Во учебната 2020/2021 сите ученици се оценети со примерно поведение; во учебната 2021/2022 кај еден ученик е намелено поведението на добро, а во 2022/2023 година нема намалување на поведението односно сите ученици се оценети со примерно поведение. Училиштето, стручната служба редовно реализира советувањата на родителите и за истите се води уредна евиденција, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците. Постапката за советување на родители се спроведува во согласност со Програмата за советување на родители на ученици во основните училишта и Законот за основното образование. Советувањата на родителите и учениците ги реализира стручната служба-психологот за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците. Во учебната 2020/2021 година остварени се вкупно 5 советувања за родители од кои едно советување по основ на намален успех и четири по основ на нередовно посетување на настава. Во учебната 2021/2022 година извршено е советување на 24 родители по основ кога ученикот е со намален успех и 7 советувања на родители по основ кога ученикот нередовно посетува на настава. Во учебната 2022/2023 година од страна на психологот извршено е советување на 22 родители по основ кога ученикот има намален успех и 17 советувања на родители по основ кога ученикот нередовно посетува настава. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки. Во

последните три учебни години изречени се вкупно 66 педагошки мерки и тоа: во учебната 2020/2021 изречени се вкупно 5 усни опомени; во учебната 2021/2022 изречени се: 13 усни опомени, 4 писмени опомени и 1 намалено поведение. Во учебната 2022/2023 година изречени се следните педагошкимерки: 30 усни опомени, 10 писмени опомени и 3 ученици добиле педагошка мерка укор поради прекршување на кодексот на однесување во училиштето. Во текот на целата учебна година се реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето, а дефектологот секојдневно работи индивидуално со децата со попреченост кои покажуваат интерес со цел да постигаат значителни резултати во одделни области. За учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области се реализира додатната настава. Континуирано се негуваат индивидуалните потреби и повисоките постигања кај надарените ученици. Училиштето има тим за поддршка нанадарените ученици. Дополнителна и додатна настава во училиштето се реализира според месечни распореди кои редовно се истакнуваат на огласна табла во училиштето. Учениците и родителите се задоволни од поддршката на учениците која им ја обезбедува училиштето преку дополнителната и додатната настава. Поголем број наставници во училиштето редовно ги реализираат часовите од дополнителна и додатна настава.

## 3.Училишна клима и односи во училиштето

### 3.1 Училишна клима

Училиштето е препознатливо според постигнувањата на учениците, грижата на воспитно-образовниот кадар за безбедноста и сигурноста на учениците и добар квалитет на работење.. Училиштето е инклузивно, безбедно во внатрешниот простор и се води грижа за здравјето на сите ученици, ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција и поттикнува активно учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот.Поголем број од наставничкиот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и објективни очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците имаат очекувања од самите себе за повисоки постигања на ниво на училиште. Голем број наставници успешно го користат пофалувањето како начин на мотивирање. Училиштето води политика на поттикнување на наставничкиот кадар и на учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално, државно и ниво. Училиштето ги наградува учениците кои постигнале успех и наставниците ментори на учениците, кои со постигнатиот успех се стекнале со награда и го афирмирале училиштето.

Училиштето има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигања на учениците, преку доделувања награди и пофалници на патрониот празник и други јавни манифестации на кои земаат учество родителите, локалната заедница, бизнис секторот и други училишта. Промовирањето на

постигањата на учениците се врши преку јавни гласила, локалните медиуми,училишниот медиум„Клик“, Facebook страна, web страна и родителските средби .

Училиштето има Кодекс на однесување на учениците, наставниците, стручните соработници, родителите и другите вработени во кој се уредени правилата и принципите на меѓусебно однесување и почитување на сите чинители во училишниот живот. Во истите, еднакво се третираат сите ученици без разлика на социјалните, половите, етничките и интелектуалните разлики. Кодексот е усвоен од сите структури во училиштето низ деморатска и транспарентна процедура.

Училиштето има пишана процедура во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексите.Во училиштето е донесен Куќен ред кој е поставен на видно место во училиштето и истиот се почитува од сите чинители на воспитно-образовниот процес.

Во училиштето постои соработка меѓу вработените, учениците и другите инволвирани во воспитно-образовниот процес и климата како и односот меѓу раководниот орган со вработените е на добро ниво. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и наставничкиот кадар се насочени кон креирање на поттинувачка атмосфера во училиштето, што е препознаено од најголемиот број ученици и родители. Наставниците, стручните соработници и раководниот орган ги упатуваат учениците да се грижат едни за други и за училиштето. Сите ученици (без оглед на полот, етничката припадност, верата и потеклото) се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Во училиштето нема закани, провокации, навреди и пишани графити со негативна содржина упатени кон учениците припадници на друга етнички заедници. Во училиштето е донесен Куќен ред кој е поставен на видно место во училиштето и истиот се почитува од сите чинители на воспитно-образовниот процес.Учениците и вработените се придржуваат кон куќниот ред во училиштето, почитувајќи ги правилата на однесување во училиште. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставничкиот кадар. Учениците и вработените ги почитуваат усвоените правила на однесување на училиштето. Во училиштето постои работна атмосфера за време на наставата и вонннаставните активности. Раководниот и воспитно-образовниот кадар постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на наставата, при приемот заминување на учениците од училиштето.Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки и тимот за поддршка работи за надминување на проблемот поради кој е изречена педагошкамерка. Во последните три учебни години изречени се вкупно 66 педагошки мерки по основ на неоправдани изостаноци и прекршување на кодексот на однесување во училиштето.Училиштето има формирано Ученички парламент во кој членовите се избрани на демократски начин. Ученичкиот парламент има изготвено програма за работа како прилог-дел од Годишната програма научилиштето, води записници од одржаните состаноци, а за

реализација на програмата добива поддршка од училиштето. Во училиштето функционира и ученички правобранител. Ученичкиот парламент учествува во донесување на одлуки за прашања што се од непосреден интерес за нив и другите ученици, но учениците се делумно информирани од претставникот во Ученичкиот парламент за сите работи што се од нивен непосреден интерес. Учествуваат и иницираат организирање на еко-акции, хуманитарни акции во училиштето, одбележување на значајни датуми и настани во општината и други активности. Учениците членови на ученичкиот парламент редовно се поканувaат и присуствуваат на состаноци на училиштен одбор.

### 3.2 Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето преку реализирање на програмата Образование за животни вештини на часот на одделенската заедница како и преку предавања, работилници и воннаставни активности ги запознава учениците со правата на децата и ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права. Најголемиот број од учениците и родители сметаат дека училиштето ги практикува и ги заштитува правата на децата. Голем број од вработените правично и со почит се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и нивните способности. Училиштето во сите свои пишани документи планира активности во насока на промовирање на еднаквоста и правичноста како темелни вредности. Најголем број ученици знаат да препознаат и како да се справуваат со прашања поврзани со дискриминација, предрасуди, кумуникација, толеранција во рамки на училиштето и заедницата.

Училиштето преку своите програмски документи ги промовира и практикува половата, етничката, културната и верската разновидност во училиштето и во заедницата и нивно заемно прифаќање. Учениците знаат да препознаат нееднаков третман и каде да се обратат и училиштето навремено и соодветнореагира на поплаките од учениците за нееднаков третман во наставата и вонннаставните активности. Учениците преку интегрирање на целите на МИО во наставата и вонннаставните активности, како и преку предавања и работилници учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција, но и културата и традицијата на другите етнички заедници.

### 3.3 Партнерски однос со заедницата

Училиштето презема активности во насока да ги поттикне родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во животот и во работата на училиштето и превзема дејствија активно да се вклучат поголем број на родители во подобрување на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. Постои пишана документација за прифатени и реализирани идеи од родителите/старателите за подобрување на воспитно образовниот процес во училиштето како што се: активирање на училишната кујна; адаптирање на просторија за трпезарија воПОУ„Намк Кемал“ во с.Чалакли; факултативно

изучување на македонскиот јазик во паралелки каде наставата се изведува на турски наставен јазик; изучување на македонскиот јазик уште во прво одделение за учениците припадници од турската етничка заедница кои следат настава на турски наставен јазик.

Родителите истакнаа дека нивните предлози и ставовите се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето и истите. Родителите се чувствуваат пријатно и се добредојдени во училиштето. Училиштето активно е вклучено во животот на локалната заедница и соработката со локалната самоуправа и други установи на локално ниво е на високо ниво. Учествува во одбележувањето на значајни настани, манифестации, активности од еколошката програма организирани во рамките на општината. Училиштето соработува со училиштата од општината и од соседните општини преку организирање на заеднички активности, меѓуопштински и спортски натпревари и други активности. Училиштето во соработка со Црвен крст- Валандово промовира волонтерско вклучување на учениците во разни активности: хуманитарни акции и заедничка поддршка на семејства од социјален ризик, заеднички хуманитарни работилници со дневениот центар за лица со посебни потреби - Валандово. Училиштето промовира мултиетничка интеграција и инклузивност во пошироката средина. Училиштето има добра соработка со институциите на локалната заедница. Соработува со Дом на култура „25 Мај“, „Археолошки музеј“ Валандово , Градска библиотека „25 Мај “ Валандово , ЈОУДГ „Калинка“ Валандово, Меѓуопштински центар за социјална работа“-Валандово, МВР-Валандово, „Агенција за вработување“- Валандово, „Здравен дом“- Валандово од чија страна се организираат систематски и стоматолошки прегледи и вакцинација на учениците и едукативни работилници за учениците, како и соработка на завидно ниво со невладина организација „Исчекор“ Валандово. Училиштето остварува соработката и со со субјекти од деловната заедница од локалната средина, но интересот за соработка од страна на деловната заедница не е на посакувано ниво.

### 3.4 Севкупна грижа за учениците

Училиштето има протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување.Со Протоколот е достапен за сите (наставниците, учениците и родителите) и со истиот се запознаени сите субјекти во училиштето.Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето.Училиштето води евиденција за појавените форми на насилство. Училиштето има направена измена и дополнување на Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било форма на насилство, злоупотреба или занемарување се применува како интерен акт на училиштето. Дополнително училиштето има донесено интерен акт Протокол за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување кој е достапен за сите. Стручните соработници психологот и педагогот во склоп на својата годишна програма за работа како и со

Планот за реализација на „Училиште без насилство“ планира и реализираат разни активности со ученици, наставници и родители предавања, работилници и истражувања за спречување на врсничко насилство , а со родителите во рамите на своте ппрограми се планирани и реализирани активност од едукативен и информативен карактрер за препознавање ,спечување и превенција од насилство врз ученици. Има пример за полесно врсничко насилство меѓу учениците, но училиштето ефикасно се справува со секаков облик на насилство манифестиран од страна на учениците преку примена на механизмите дадени во протоколот. Најголемиот број вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето.Училиштето секоја година изработува и реализира програми за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, спречување на дискриминација и за намалување на насилството во училиштето и истите се прилог на Годишната програма на училиштето. Со програмите се планираат: формирање на тимови, активности за запознавање на наставниците, учениците и родителите, работилници и предавања. Најголемиот број ученици и родители сметаат дека најголемиот број вработени на потребите и грижите на децата им приоѓаат чувствително, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство.Родителите и учениците се запознаваат со правото и обврската за поднесување поплаки во случај на насилство или повреда на ученичките права до класните раководители и стручната служба.

Училиштето води политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанции, што подразбира дека во училиштето (училниците, канцелариите, тоалетите, училишниот двор) не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба, не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции. Секоја учебна година од страна на стручните соработници се организираат превентивни работилници и изработуваат презентации од страна на предметните наставници и анкети во кои се опфатени теми за алкохолизмот, пиушење и наркотични средства и штетноста кај младите од нивна употреба. Во соработка со Секторот за превенција при МВР-Валандово во училиштето се реализираат едукативни предавања за заштита од болестите на зависност-никотин, дрога и алкохол. Со годишната програма за работа на училиштето се планираат и се реализираат предавања и работилници со ученичката заедница за заштита од болестите на зависност, се изработуваат изложбени паноа со пораки, а содржини за заштита од болестите на зависност се реализираат и на одделенските часови преку програмата Образование за животни вештини.

Во училиштето нема организирана исхрана за учениците. Учениците храната ја обезбедуваат од дома и од околните продавници. Училиштето не обезбедува увид во квалитетот на храната што им се нуди на учениците во продавниците за храна во својата непосредна околина. Училиштето во рамки на годишната програма за работа на училиштето секоја учебна година планира активности и реализира работилници и предавања на тема здрава храна. Хигиената во училниците, ходниците и санитарните јазли во централното и подрачните училиште е на

завидно ниво. Ходниците, скалите, подот и мебелот во училниците и останатиот училишен простор редовно се чистат, а тоалетите секогаш се чисти и дезинфицирани. Дворот во училиштето е чист и хортикултурно уреден со зелени површини кои редовно се одржуваат. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци и меѓу учениците постои самосвест за одржување на чиста и здрава околина. На одделенскиот час преку програмата Образование за животни вештини се обработуваат теми за влијанието и придобивките на чистата животна средина врз здравјето на човекот и безбедноста на човекот. Училиштето пред почетокот на учебната година и пред почетокот на второто полугодие редовно врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД) на сите простории во централното, подрачните училишта и во подрумските простории. Училиштето со ќуќниот ред, кодексот на однесување на учениците, како и преку совети од наставниците воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Училиштето има програма за превенција од заразни болести. Училиштето во склоп на програмата за здравствена заштина на учениците и психологот и педагогот во рамките на своето годишно планирање планираат и реализираат разни активности (работилници и предавања) за превенција од заразни болести. Сите вработени редовно вршат систематски и санитарни прегледи согласно законските прописи. Училиштето редовно соработува со здравствените установи за навремено и редовно спроведување на систематските прегледи на учениците и редовно вакцинирање. Во случаи на појава на грип и други заразни болести, училиштето редовно соработува со надлежни институции и ги следи насоките дадени од нив. Осум вработени во училиштето имаат сертификат за давање прва помош на учениците при несреќни случаи. Училишниот простор е безбеден за изведување на настава како во централното и подрачните училишта. Училиштето има пропишано мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и истите се реализираат според планираното. Покрај училиштето поминува пат без поставена соодветна сигнализација и без обележен пешачки премин и поставен успорувач на брзина и истиот претставува потенцијална опасност за учениците. Наставата во централното и подрачните училишта се изведува во пространи и осветлени училници соодветни на училишните стандарди. Инфраструктурата во училиштрето (мебелот, скалите, подовите, прозорците, струјните места) е безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреда на учениците. Сите потенцијално опасни места во училиштето што не може да се избегнат се обезбедени и учениците се свесни за нивното присуство и информирани за можните опасности. Училишниот двор е ограден, со патеки за движење и естетски хортикултурно уредена зелена површина-простор безбеден за движење на учениците. Училиштето има План за заштита и спасување од елементарни непогоди и други несреќи бр. 02-467/1 од 26.12.2014 г. и Мислење од Дирекција за заштита и спасување бр. 10-76/2 од 28.12.2015г. Последна вежба за напуштање на училишната зграда при симулација на елементарна непогода- пожар и елементарна непогода земјотрес во училиштето е спроведена на 9.11.2023 година. Во училиштето на видно место е поставена Шема за евакуација во случај на пожар и други елементарни непогоди

и означен е правецот на движење на учениците и вработените.Училиштето располага со вкупно 21 противпожарни апарати, од кои во 11 ПП апарати се во ООУ„Јосип Броз Тито“ Валандово, 4 противпожарен апарат и 2 хидранти во ПУ с.Пирава, 2 ПП апарати во ПУ„Чалакли, додека хидранти нема , 1 ПП апарат во ПУ Казандол, а хидранти нема , 2 ПП апарати и 3 хидранти во ПУ Дедели, 1 ПП апарат во Башибоз, додека хидранти нема, 2 ПП апарати и 1 хидрант во ПУ Брајковци. За заштита од пожари во ООУ„Јосип Броз Тито“ Валандово се поставени 4 хидранти како и 4 хидранти во спортската сала.Училиштето има пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците кои поради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во вонннаставните активности што бараат вложување дополнителни средства. Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици што потекнуваат од социјално загрозени семејства За таа цел училиштето во соработка со родителите, локалната заедница, деловната заедница и Црвениот крст од Валандово, организира собирни акции за обезбедување храна и облека, средства за хигиена и училишен прибор, сликање за табло, како и учество на овие ученици во воннаставни активности (екскурзии, театарски претстави, полуматурски претстави и други приредби).

Во училиштето нема ученици со хронични заболувања. Училиштето има договорени процедури за грижа за учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практика на иницијатива на одделенските раководители или предметниот наставник, во соработка со родителите и/или другите релевантни институции. Училиштето доклку има такви ученици на овие ученици наставниците да им обезбедуваат поддршка преку давање насоки и одржување на настава од далечина и дополнителна настава.

Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми, но психологот во склоп на своето годишно планирање планира активности (работилници, едукативни и советодавни раговори со учениците, нивните родители и наставниците како и активности за идентификување и грижа за тие ученици) за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми, без оглед на изворот (на пр. семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест или смрт во семејството, постконфликтни трауми). Психологот користи инструменти за откривање на овие ученици и превзема конкретни мерки за секој ученик поединечно и нивните родители да се справат со емоционалните потешкотии на ученикот. Стручната служба е обучена да им помогне на учениците или родителите во вакви ситуации или да ги упати до релевантните установи.Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за понатамошно образование, усовршување или вработување. Училиштето организира активности и во континуитет реализира предавања за професионална ориентација на учениците, дава информација за

видовите на образование, критериумите и условите за запишување во средно образование според конкурс за запишување на ученици во средно образование, роковите за запишување, реализира анкета и прашалници за сампроценка на интереси и способности за избор на идно образование/занимање и им помага во професионалното насочување.Училиштето во соработка со средните училишта од општината и од други општини организира посета со учениците од завршното одделение на средните училишта каде се презентираат можностите за понатамошно образование, можностите за вработување по завршување на образованието и породолжување на идното образование. Училиштето редовно ги информира родителите и учениците преку пишани и усни соопштенија за термините и условите за запишување во средно образование. Дополнително советодавна помош за понатамошно образование на учениците со посебни образовни потреби за учениците и нивните родители обезбедува и специјалниот едукатор и рехабилитатор преку проценка на можностите и потребите на самите ученици и советодавни разговори со нивните родители.

## 4. Управување, раководење и креирање политики

### 4.1.Управување и раководење со училиштето

Училишниот одбор е орган на управување и е конституиран согласно законската регулатива. Училишниот одбор ги извршува своите законски обврски, презема конкретни чекори за идентификување на состојбите, поставување на приоритети и предлагање иницијативи и активности за подобрување на постигањата на учениците како и на целокупниот воспитно-образовен процес.Сите членови на УО се со легитимен мандат. Претседател на УО, согласно новиот закон за основното образование е од редот на Советот на родители.Училишниот одбор е вклучен во креирањето политики за еколошка едукација и се залага за афирмирање на инклузивноста и меѓуетничката интеграција во образованието. Училишниот одбор има сопствена Годишна програма која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Училишниот одбор работи транспарентно и има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите структури. Училишниот одбор има деловник за работа. Училишниот одбор донесува одлуки, дава мислења, разгледува финансиски планови и извештаи. Директорот на училиштето има јасна визија за тоа што се треба да се преземе и кои се приоритетите за побрзо напредување на целокупниот воспитно-образовен процес и за постигање на поголеми резултати. Во Програмата за развој на училиштето и во Годишната програма за работа за оваа учебна година, јасно се зацртани визијата и мисијата на училиштето, определени се целите и задачите и истакнати се приоритетите за развој по години. Директорот во своето работење се потпира на тимската работа, формирајќи повеќе тимови за разни подрачја од работењето, како што се тимови за: Самоевалуација, изготвување на Програма за

развој на училиштето, Еко програма, Програма за меѓуетничка интеграција, Тим за инклузија на училиште и на ученик, и др.

Програмата за развој на училиштето е изготвена за временски период од 4 години (2023-2027 година), што е во согласност со одредбите на Законот за основното образование. Програмата и целите на развојната политика се прецизни, јасно отсликани и опфатени, мисијата и визијата на училиштето, а при нивните поставувања се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците на локалната заедница. За сите поставени цели се изготвени акциски планови со носители на активностите со временски рок по години и континуирано извршување.

Во училиштето има воспоставени договорни процедури за утврдување на потребите од наставни средства и помагала. Наставниците во договор со директорот ги утврдуват потребите од наставни средства и помагала, наставни материјали и други потреби. Раководството одредува приоритети за снабдување според финансиските можности. Училиштетораспологасостручналитератураинаставнисредстваипомагалапонорматнвпоситенаставнипредмети.Училиштетогиутврдувапотребитезанаставнисредства ипомагала,вклучувајќикниги,аудиовизуелнаи ИКТопрема, истите континуираногиобновувазадасоодветствуваатнасовременитенаставнитекови за реализирање на воспитно – образовниот процес согласно планираните ресурси.Наставницитеиученицитезнааткоинаставнисредстваиматеријалиимсенарасполагањеиефективноиефикасногикористатвонаставатаивоучењето.

Училиштето има и училишна библиотека, која е сместена во една просторија во централното училиште, библиотеката нема соодветни хигиенски и материјални услови за работа, не е добро уредена, не се одржува хигиена редовно, нема читална и не располага со компјутер за водење на библиотечна евиденција во електронска форма и се води библиотечна евиденција само во инвентарна книга. Ангажираните лица ги исполнуваат условите за библиотекари дефинирани во Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта и Правилник за норматив за стручните соработници во основно односно средно образование. Библиотеката располага со 1299 наслови или 7983 книги од кои 1802 лектири, а пак книги по жанрови и стручна,слободна литература на странски јазик 6181 книга.Училишната библиотека располага со повеќе од десет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија, пропорционално застапени според наставните јазици што се изучуваат во училиштето. Библиотеката е функционална и вработените во библиотеката се запознати со Законот за библиотеки.Библиотеката има истакнато работно време.

За реализирање на наставниот план и програма, во училиштето е обезбеден доволен број на наставен кадар, со што воспитно-образовниот процес се реализира комплетно.

Во училиштето има вкупно 98 вработени. Вкупниот број на вработени се распределени на следните работни места: 1 директор, 2 административни работници, стручни соработници 1 педагог, 1 психолог, 1 дефектолози и 1 библиотекар (нема наставници кои надополнуваат во библиотека до полн фонд на часови), 21 технички персонал и 69 наставници. Наставниот кадар брои вкупно 69 наставници од кои 12 се мажи и 47 жени, од кои според етничка припадност македонци 58 , од турска националност 11 , сите се оспособени да ги превземат одговорностите во наставата и вonнаставните активности, согласно потребите на учениците и училиштето во целина.Од вкупниот број на наставници 62 наставници се на неопределено работно време и 7 наставници се на определено работно времеод нив 4 се приправници, и за истите има определено ментор од директорот на училиштето). Во однос на степенот на завршено образование, структурата на наставниот кадар е следна: 65 наставници се со завршено високо образование, 3 наставници се со завршено вишо образование и 1 со завршени магистерски студии. Училиштето има обезбедено согласност од Градоначалникот и Совет на општина Велес за прием на наставен кадар на определено време и согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2023/24 година. Сите наставници се со соодветна стручна спрема согласно Законот за основното образование, Законот за наставници и стручни соработници и нормативите за наставен кадар.При отсуство на наставниот кадар се води грижа замената да биде соодветна и навремена. Во училиштето следењето на кариерниот развој на вработените наставници и стручни соработници е континуирано. За секој наставник и стручен соработник постои ажурирано професионално досие, кое е во согласност со Правилникот за водење на професионално досие на наставник и стручен соработник во основно образование. Развојните потреби на наставниците се утврдуваат преку изготвен план за професионален развој на училиштето за учебната 2023-2024 година, план за професионален развој на наставникот, анкетирање, самоизјаснување и утврдување на потребите, преку следење на наставниците при посета на часови од страна на раководниот кадар и стручната служба.

Наставниците редовно ги посетуват сите предавања, семинари и обуки кои се реализирани во училиштето и надвор од него од Министерство за образование и наука, Биро за развој на образование и Националната агенција. Избор на наставник за да посетува некој семинар или обука, најчесто се врши на Наставнички совет и преку спроведена анкета. Во училиштето е редовна пракса посетителот на стручното усовршување да изврши десеминација или презентирање на работата од посетениот семинар.Во училиштето се води евиденција за спроведени обуки – семинари за наставници во рамките на стручното усовршување на наставниците. Стручната служба континуирано ги следи усовршувањата и развојот на наставниците, нивните досегашни обуки и семинари, како и потребите за стручно усовршување. Во претходните три години, голем број на наставници поминале стручни усовршувања, од повеќе области. Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот, а има и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот, што

внесува ефективни иновации во работата. Во училиштето има пропишани приоди и утврдени процедури за планирањата на наставниците, и воспоставени практики за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручната служба. Училиштето во рамките на својата годишната програма за работа на училиштето и директорот, педагогот и психологот во рамките на своите годишни планирања го планираат и реализираат следењето на наставниот процес. По претходно изготвен распоред пред посетата на часови наставниците се известуваат за периодот кога ќе бидат посетени на час. При посетата се користат инструменти за следење на планирањето на часот и на самиот час. После секое следење на часовите со секој наставник поединечно се води разговор од страна на раководниот орган заедно со стручната служба, се изготвува збирен извештај но не се даваат поединечно препораки од посетените часови за подобрување на наставниот процес. Секој наставник најмалку два пати во полугодие е посетуван на час од директорот и стручната служба. Нема воспоставена практика новите наставници да ја следат работата на час на другите колеги од училиштето.

### 4.2.Цели и креирање на училишната политика

Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика. Овие цели се зацртани во Програмата за развој на училиштето, како стратешки документ, донесен од страна на Училишниот одбор. Во училиштето овие цели се насочени на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Органите и телата во училиштето, како и наставниците, се вклучени во разните тимови и во креирањето на училишната образовна политика. Во креирањето на училишните образовни политики активно се вклучени и родителите, преку формалните тела (Совет на родители, одборите на паралелките и на други начини). Родителите на учениците, кои постигаат послаби резултати, покажуваат помал интерес за вклучување во животот и работата на училиштето, и со истите се вршат едукации. Во креирањето на целите и стратегиите се вклучени сите органи, со што се обезбедува транспарентност при планирањето и реализацијата на поставените цели. Програмата и целите на развојната политика се прецизни, јасно отсликани и опфатени, мисијата и визијата на училиштето, а при нивните поставувања се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците на локалната заедница. За сите поставени цели се изготвени акциски планови со носители на активностите со временски рок по години и континуирано извршување. Евидентно во Програмата за развој на училиштето е тоа што тежиштето на реализацијата на зацртаните развојни политики е подеднакво застапено по години.

Во неа се разработуваaат седум развојни цели за предвидените подрачја на промени, со временска рамка за секоја учебна година во периодот од 2021 до 2025 година. Во програмата се опфатени сите фази од концептот на развојно

планирање.Анализите за состојбите и планирањата се изведени според концептот на интегралната евалуација односно се анализирани седумте подрачја за работа на училиштето.

Училиштето има донесено Финансиски план за 2024 година и усвоена завршна сметка за 2023 година. Планот за јавни набавки за 2024 година е усогласен со Законот за јавни набавки. Во врска со јавните набавки, училиштето има формирано Комисија за јавни набавки, во која е вклучен член од Училишниот одбор. Буџетот се користи наменски и за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, подобрување на постигањата на учениците и учењето и развојот на училиштето во целина. За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај.

# 5. Наоди и препораки

## 5.1 Силни страни

- **Добра училишна клима и односи во училиштето, професионална соработка меѓу вработените и високо ниво на почитување меѓу учениците, наставниците и родителите;**
- **Неселективен и подеднаков однос на наставниците спрема учениците во процесот на наставата без разлика на половата, етничката и социјалната припадност;**
- **Безбедна, инспиративна, мотиврачка и творечка средина за изведување настава, учење, дружење престој и постигнување успеси;**
- **Високо ниво на одржување на внатрешноста на училиштето и добра хигиена во училишните згради**
- **Училиштето реасполага со добра инфраструктура и нагледни средства и помагала за учениците со посебни образовни потерби.**
- **Континуирани активности во рамките на проектот МИО со партнерското училишта ООУ „Владо Кантарџиев“ од Гевгелија и ООУ „Никола Карев“ - Радовиш;**

## 5.2 Слаби страни

- **Училиштето нема увид за квалитетот на храната што им се нуди на учениците и во продавниците во околина на училиштето;**
- **Слаба информираност на учениците од страна на претставниците во Ученичкиот парламент за донесените одлуки кои се од интерес на учениците**
- **Во училиштето нема санитарен јазол за ученици со физичка попреченост**

## 5.3 Препораки

- **Да се изврши увид во квалитетот на храната во продавниците во околината на училиштето;**
- **Континуирано информирање на сите ученици за донесените одлуки во училиштето кои се од интерес на учениците;**
- **Училиштето да приспособи санитарен јазол за ученици со физичка попреченост**

| | |
|---|---|
| **Ѓорге Здравев**, Раководител на инспекцискиот тим | |
| **Драган Бојмалиев**, Инспектор. | |
| **Ѓорги Митров** , Инспектор | |